| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
|  |  |  |  |  |  |  | |
| Павле | Живко | Томе + | Петко | Здравко | Јасминка | Јовица | |

xxx

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
|  |  |  |  |  |  | |
| Владо | Стефан | Марјан | Јасре | Андреа | Весна | |

# 23. Кокooj

**Кокооj** се **нов** род од Лешок, кои се доселени од Варвара, а домашна слава е **Св. Ѓорѓија.** Куќата им е на југ под Костоо и на исток до Бучејца. Се сретнува како Запрљеej, Ѓољакооj, Цокелооj и Јанини, кои се доселени од Сетоле или Тримчеej доселени од Варвара. Потребно е потомците да ја утврдат фактичката состојба, дали се работи за еден род или за неколку. Види, ( Р. бр. 1 и 22, стр. 148 - 157 во ТОМ-1, Р. бр. 8, стр. 91-92, Р. бр. 18, стр. 113-114 и Р. бр. 25, стр. 104 ).
Од овој род од постарите ги познавам браќата: **Боро**, **Јоше** и **Славе** и две сестри **Миљана** и **Коца**.
**Боро** со сопругата Менча, од првиот брак имаше четири сина: Делко, Ќирко, Божин и Велико и една ќерка Десанка, а од вториот брак сопругата од Хрватска, му донесе син Славко. Од овој род некои лица се презиваат Стојчевски, а некои Кировски.
**Делко** Стојчевски (1934-1993) отиде за домазет кај сопругата Душанка, односно кај Тоде од родот Љешкооj од Лешок. Делко има син Борче и ќерка Дивна. Борче со сопругата Гордана имаат два сина Владимир и Душко, а ќерката Дивна со мажот Лазо од родот Цинцарооj од Лешок имаат син Стојанче и ќерка Елена.
**Ќирко** се отсели во Ѓорче Петров. Ќирко со Јагода Божиновска(429) од родот Лалошооj имаат син Живко и ќерка Виолета и еден вонбрачен син Пепи. Живко Кировски, со Виолета имаат два сина: Давор и Денис. Виолета е мажена со Среќко од Табановце, Куманово.
**Божин** се пресели во Скопје и со сопругата Милица од Кавадарци имаат два сина Влатко и Тони. Тони Кировски со жената Елида, потекло од Егејска Македонија имаат два сина Божидар и Никола. Тони има дуќан во Чаир.
**Велико** Стојчески се пресели во Скопје. Велико прво работеше како воено лице во Армијата на СФРЈ и се пензионира како пуковник во АРМ. Велико со сопругата Радмила од Скопје имаат две деца Игор и Наташа. Игор Стојчески со сопругата Милена од Скопје имаат ќерка Марија. Игор е професор по историја и магистер по бизнис информатика, а работи во општина во одделение за жалби и поплаки. Наташа е економист и проценител, а магистер е по менаџмент на човечки ресурси. Има сопствен консалтинг за проценки.
**Десанка** (Деса) Ристовска, живее во Скопје, со мажот Томе имаат ќерка Весна и син Љупчо. Весна има син Александар, кој живее во Германија. Весна Димитриевска Ристовска е професор на Филолошки факултет, Скопје. На 23 април 2026 година, разговарав со Десанка, родена во Лешок а која лично ја знам, како и со Весна, нејзината ќерка. Весна првично ми рече дека принципиелно не

е да се внесува во книгата, но, сепак остави малку време да поразмисли. Со оглед дека не се слушнавме, од Веб страната на Филолошки факултет превземав податоци и фотографија.
**Славко** е оженет со Вукица, ќерка на Ане Стојановски- Чита(145) од фамилијата Пауноој од Родот Лалошоој од Лешок и имаат ќерка Александра и син Перица. Види**,** (28/1.6 – Пауноој, фам. / род Лалошоој ), во оваа книга. **Јоше** со семејството се пресели во Ѓорче Петров и има два сина Петко и Тодор и две ќерки, Роза и Драгица. Петко има син Винко и Марина, а Тодор има два сина, Сашо и Горан.

**Славе** Кировски има пет деца: Трајанка, Савица, Магда, Мара, и Митре. Славе го знам добро, кој еден период работеше во Болницата во Лешок, а ги знам и неговите пет деца.**Трајанка** е најстара и мажена за Никола од Праникоој и имаат син Мики и ќерка Ленче. **Савица** се омажи за Зоран Ристовски од Љешкоој и имаат два сина Жарко и Томислав. **Магда** се омажи за Петко Момировски од Момироој и имаат два сина Гоце и Јовица. **Мара** се омажи за Витомир Атанасовски од Гркоој и имат син Славчо и ќерка Жана и **Митре** Кировски се ожени со Косара и имаат два сина Славко и Дејан Кировски. Славко работи во Германија, а Дејан во Детроит. Славко е оженет со Ангела, ќерка на Васко и Милица од Пауноој и имаат ќерка Јелена и син Димитар. Дејан е оженет со Жаклина од Вратница и имаат две ќерки Мартина и Марија. Мартина е мажена со Ерик (Eric) и имаат три деца: Масон, Викторија и Ѓиана ( Mason, Viktoria и Gianna), а Марија не е мажена. Дејан со Жаклина изградија убава куќа на старото место под Костоо и до Бучејца. Дејан со Жаклина и братот Славко често се во Лешок и помагаат за разни активности. Митре беше генерација пред мене, а Трајанка е Генерација со сестра ми Милица.

Од родот Кокоој, посебно ќе ги споменам, следните лица:
**Делко** Стојчевски работеше во ХЕК Југохром, Јегуновце, кој даде голем придонес за успесите на ФК Оникс во Лешок: Делко беше **прв фудбалски судија** од Лешок. За Делко Стојчевски запишав во книгата СПОРТ во Лешок ( Р. бр. 3 и 23, стр.386-388, Р. бр. 18, стр. 104 и Р. бр. 25, стр. 104 ).
Од родот Кокоој, посебно ќе ги споменам и браќата Дејан и Славко Кировски, двата сина на Митре. Дејан Кироски е успешен бизнисмен во САД и многу помага за разни активности во Лешок, за кои напишав текст во Речникот. ( Р. бр. 18, 113-114 ).
Посебно сакам да запишам во ова книга за Борче Стојчевски, синот на Делко, кој е многу комуникативен, услужлив, кој многу го сака Лешок и е голем патриот. Борче ми даде многу податоци, телефони и информации за лица од нивниот род, но, и за многу лица од Лешок. Борче работеше во Болницата за ТБЦ во Лешок и денес е пензионер. Сакам да запишам дека Борче е голем и страствен ловџија. Борче е газда на фамилијарната Кафана Под -Липа - Кај Оги во Лешок, Во Кафаната Кај Оги се собираат Лешани и пошироко од Долни Полог, во која домаќините понудуваат врвни специјалитети и квалитетни услуги и во неа се организираат многу заеднички средби и свечености, меѓу кои и Средбите на нашата Генерација ученици 1949/50 од Лешок**.**
**в. Речник,** ( Р. бр.18, стр. 116, 113-114, 134-135, 148, 167-168, 211, 223, 232, 260-262), **кафана, Кокоој, ловџие, меанче, меана, одбојка, Оникс, род, слава, Средба, фудбал,**

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
|  |  |  |  |  |  |  | |
| Славе + | Делко + | Велико + | Божин + | Славко | Митре + | Борче | |

xxx

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
|  |  |  |  |  |  |  |  |
| Дејан | Славко | Наташа | Тони | Игор | Весна | Душко | Жаклина |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
|  |  |  |  | |
| Марија | Димитар | Јовица | Јелена | |

# 24. Коларооj

**Коларооj** е **нов** род од Лешок, слава е **Св. Врача**. Доселени се од Старо село. Нивната куќа беше во Тенеќе маало, а воденицата беше веднаш на исток, спроти втората влезна врата во Манастирот, а денес тука е куќата во која живее Васка, жената на Мирко Ерновски. Види, ( Р. бр. 1 и 22, стр. 148 - 157 во ТОМ -1, Р. бр. 8, стр. 85 и 307-308, Р. бр. 18, стр. 115 и Р. бр. 25, стр. 23-24 ).
Јас се сеќавам на баба Фона, која била мажена во родот Коларооj. Имено по кажувањето на Среќко Ристовски, син на поп Стојче, кој ми рече дека мајка му Ленка и баба му Фона му раскажале дека некој човек извршил силување на некоја жена од родот Коларооj, потоа мажот на баба Фона го убил силувачот и потоа сите од Коларооj пребегнале накаде во Србија, а само баба Фона останала во Лешок. Кога дошле емигрантите од Русија баба Фона се запознала со некој руски емигрант Иван и се омажила за него. Така формирале нова фамилија Иванови, по рускиот емигрант Иван. Иван, по Октомвриската револуција во Русија 1917 год., заедно со други монаси и богаташи, како емигранти биле сместени во конаците на Лешочкиот манастир и така ја запознал и баба Фона од родот Цинцарооj. Баба Фона со Иван немала деца и го посвоила Ќирко од Зубовце. Баба Фона беше многу дебела и не можеше да оди пешки и секогаш патуваше качена на чеза.
Од овој род ги познавам четирите деца на Ќирко, кого не го знам, а ја знам нина Ќиркојца(Цвета) од Жилче, кои имаа четири деца: Иван, Мирко, Ленка и Мара. ( Р. бр. 1, стр 148 -157 во ТОМ-1, Р. бр. 8, стр. 85 и 302, Р. бр. 12 и 14, 61-63 и Р. бр. 25, стр. 23-24 ).
**Иван** Ерновски е генерација со сестра ми Милица и со братучедот Петре Спироски. Иван работеше во ЕВН, а потоа беше наставник по македонски и руски јазик во Зефлуш Марко - Никола Карев, Скопје. ( Р. бр. 12 и 14, стр. 61-63 и 96-105). Иван е оженет со Добрила, која работи како медицинска сестра во Железара, Скопје и имаат две ќерки Валентина и Флорита. Валентина има ќерка Марија и син Виктор. Флорита има ќерка Бојана, која има ќерка Александра и син Дамјан. Бојана е економист и работи во банка.
Валентина Иван Ерновска м. Славковска е професор во ООУ Григор Прличев Скопје и Флорита Иван Ерновска е професор во Средно ГУЦ Здравко Цветковски, Скопје.
**Мирко** Ерновски е оженет со Васка од Старо село и имаат две ќерки: Мирјана и Анета. Мирјана е мажена во Теарце и со мажот има син Бобан и ќерка Марија. Анета е мажена во Тетово и имаат две ќерки. Бобан Трпковски е женет има син Никола и ќерка Марија. Мирко се пресели и работи во Германија, а Васка, жената на Мирко остана да живее во Лешок со двете девојчиња. Јас го знам Бобан Трпковски од Теарце, син на Мирјана, а внук на Мирко Ерновски. Во Теарце беше формирано Културно-играорно друштво Кирил Пејчиновиќ и Бобан беше играч и кореограф во